*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Комисија за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање

Бр. 23-2185/ 14 април 2025 година

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# И З В Е Ш Т А Ј

Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање на Собранието на Република Северна Македонија, на **28-та** седница одржана на 14 април 2025 година, како матично работно тело во **второ читање** го разгледа

**Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми**

На седницата на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање во својство на претставник на Владата на Република Северна Македонија присуствуваше **Стефан Андоновски**, министер за дигитална трансформација.

Претседателот на Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање ги извести пратениците дека во определениот рок утврден со Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, дека се **поднесени вкупно 3 амандмани** по Предлогот на законот**.**

Комисијата ги разгледа и претресе следните амандмани:

1. **Амандман на член 3 став 1** заведен под архивски **број 08-1721/6** поднесен од пратеникот Амар Мециновиќ.

   Комисијата со **ниту еден глас „за“, со ниту еден глас „против“ и со ниту еден глас „воздржан“ не го усвои предложениот амандман**.

2. **Амандман на член 3 за менување на ставот 5** заведен под архивски број **08-1721/5** поднесен од пратениците: Тони Јаревски, Бисерка Златеска, Емил Спасовски, Сашо Донев и Пеце Милевски.

   Амандманот го образложи пратеникот **Тони Јаревски**.

   Претставникот на Владата на Република Северна Македонија, **Стефан Андоновски** министер за дигитална трансформација, на предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми **го прифати со видоизменет текст предложениот амандман.**

   Во членот 3 за менување на ставот 5 се менува и гласи:

   „По ставот (9) се додаваат пет нови става (10), (11), (12), (13) и (14) кои гласат:

„(10) Издавачот на онлајн медиумот-интернет портал до надлежното регулаторно тело доставува пријава за упис во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали.

(11) Надлежното регулаторно тело нема да го впише издавачот на онлајн медиумотинтернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку нема вработено најмалку две лица со полно работно време, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали доколку го нема потребниот број на вработени согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(12) По исклучок на ставот (11) од овој член, надлежното регулаторно тело ќе го впише издавачот на онлајн медиумот-интернет порталот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми-интернет портали доколку има вработено едно лице со полно работно време и ангажирано едно лице со договор на дело, како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат, односно ќе го избрише издавачот на онлајн медиумотинтернет порталот од Регистарот на издавачи на онлајн медиуми – интернет портали како онлајн медиум-интернет портал со мал и/или специјализиран опфат доколку го нема потребниот број на вработени, односно ангажирани лица согласно со член 15 став (3) алинеја 4 од овој закон.

(13) Надлежното регулаторно тело доставува барање за прибавување на потребните документи до Централниот регистар на Република Северна Македонија и до Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, кои се должни бесплатно да ги достават потребните документи во рок од пет дена од денот на поднесеното барање. По добивањето на сите потребни документи, надлежното регулаторно тело во рок од три дена од денот на комплетирањето на документацијата го впишува издавачот на онлајн медиум – интернет портал во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми - интернет портали.

(14) Формата и содржината на пријавата од ставот (10) на овој член и начинот на водење на Регистарот од ставот (8) на овој член ги пропишува Агенцијата за аудио и аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“.

Комисијата **со 6 гласа „за“, ниту еден глас „против“ и со ниту еден глас ,,воздржан” го усвои предложениот амандман**.

3. **Амандман на член 6 став 1 алинеја 4** заведен под архивски број **08-1721/4** од пратениците: Тони Јаревски, Бисерка Злateска, Емил Спасовски, Сашо Донев и Пеце Милевски.

Амандманот го образложи пратеникот **Тони Јаревски**.

Претставникот на Владата на Република Северна Македонија **Стефан Андоновски** министер за дигитална трансформација, на предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми **го прифати предложениот амандман.**

Комисијата **со 6 гласа „за", ниту еден глас „против" и со ниту еден глас ,,воздржан" го усвои предложениот амандман**.

**Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање, го проследи Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми (второ читање) на натамошна постапка во Собранието на Република Северна Македонија**

Комисијата за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање за известител на седницата на Собранието ја определи пратеничката **Велика Стојкова - Серафимовска**.

Претседател на
Комисијата за транспорт, дигитална
трансформација, животна средина и
просторно планирање
Беким Ќоку, с.р

________________